


КОНКУРС за доделување на 6 стипендии на
одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ од II, III и IV година

**1.**Општина Делчево ќе додели 6 стипендии на редовни одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ од II, III и IV година, во учебната 2014/2015 година, кои ги исполнуваат следните услови:

**I.**Редовни одлични ученици од II, III и IV година во учебната 2014/2015 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение
**II.**Ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или пак социјални случаи.
**III.**Учениците да се жители на Општина Делчево
**IV.**Учениците да не се корисници на друга стипендија

Комисијата за доделување на ученички стипендии ги утврди следните критериуми:

**I.1.Континуиран просечен одличен успех (4.50 до 5.00)**

-континуиран одличен успех (5.00)-50 бода

-континуиран одличен успех ( од 4.50 до 4,99)- 45 бода

**I.2.Против ученикот да нема изречено никаква педагошка  мерка (вкупно 10 бода)**

- примерно поведение (до 10 неоправдани изостаноци)-10 бода
- за секој неоправдан вкупниот број на претходно освоените бодови се намалува за 0,5 бода.

**II.1.Семејно-материјалната положба на ученикот**

За овој критериум се утврдени следните подкритериуми:

- Семејство без никакви примања-40 бода;
- Семејство со примања до 1.500,00 денари по член на смејство 35 бода;
- Семејство со примања од 1.501,00 до 2.000,00 денари по член на семејство-30 бода
- Семејство со примања од 2.001,00 до 5.000,00 по член на семејство-25 бода;

## 2.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

1. Барање за доделување на ученичка стипендија (Архива на Општина Делчево и веб страница: www.delcevo.gov.mk)

2. Изјава од родител/старател дека ученикот не е корисник или примател на друга стипендија (Архива на Општина Делчево и веб страница: www.delcevo.gov.mk)

3. Фотокопија од свидетелства за претходни години;

4. Уверение од Управа за јавни приходи, за остварени годишни приходи по разни основи за претходната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри) за двајцата родители/старатели;

5. Потврда за остварена плата за вработените членови на семејството за последните 3 месеци;

6. Потврда за редовен ученик/студент за членовите на семејството кои се ученици или студенти;

7. Потврда за невработените членови на семејството од Агенцијата за вработување;

8. Потврда од Центарот за социјални работи доколку некој член е корисник на социјална или постојана парична помош;

9. Изјава потпишана од родител/старател за обработка на личните податоци на кандидадот и членовите на неговото потесно семејство(Архива на Општина Делчево и веб страница:delcevo.gov.mk)

10. Уверение за жителство

11. Изјава од родител/старател за веродостојност на податоцитеИзјава од родител/старател за веродостојност на податоците(Архива на Општина Делчево и веб страница: www.delcevo.gov.mk)

**3.Постапка за доделување на стипендии**

1. Сите потребни документи се поднесуваат до Архива на Општина Делчево, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот или по пошта на адреса:
Општина Делчево, ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1, со назнака за „***ученички стипендии***“;

2. Доставените документи по Конкурсот ги разгледува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Делчево;

3. Некомплетните документи или документите доставени по истекувањето на конкурсниот рок, нема да бидат разгледани;

4. Кандидатите кои ќе добијат стипендии и оние кои ќе бидат одбиени, ќе добијат Известување;

5. Висината на стипендијата ќе изнесува 1.000 денари месечно во траење од 9 месеци во текот на учебната година 2014/2015;

6. На ученикот кој ќе даде лажни податоци поврзани со остварувањето на правото на стипендија, Решението за доделување на стипендија ќе му биде поништено и истиот ќе биде задолжен исплатените средства по основ на Решението да ги врати на Општина Делчево;

7. Стипендиите се неповратни;

8. Рок на пријавување од 27.11.2014 година до 12.12.2014 година.

9. Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето;

10. Конкурсот ќе се објави на Огласната табла во Општина Делчево, СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, локалните медиуми и интернет страницата на Општина Делчево www.delcevo.gov.mk

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**КОНКУРСНА КОМИСИЈА**